**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUCIONI NACIONAL MUZEU I SHKENCAVE NATYRORE
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 01-244/6
17.06. 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА

1. Овој план за евакуација ги опфаќа попстапките и задолженијата на Работодавачот и работниците во случај на пожар и друга елементарна непогода.

2. Евакуацијата се состои од брзо и сигурно напуштање на просториите на Музејот и упатување на сигурно место.

3. Работодавачот и работниците ги почитуваат плановите за евакуација и постапување во случај на елементарна непогода на надлежните државни тела и институции определени од Владата на Република Северна Македонија.
   Работодавачот и работниците постапуваат според упатствата и наредбите на надлежните органо и ги координираат своите активности со таквите наредби и упатства.

4. Работодавачот определува дека за пожар ќе се смета секоја запалена површина која гори со отворен пламен или испушта чад, што по обем зафаќа повеќе од 30 квадратни сантиметри во било која просторија на работодавачот.

5. Најавата за пожар ја даваат по следниот редослед:

   - Овластени државни органо преку медиуми
   - Центар за известување и тревожење
   - Министерство за внатрешни работи
   - Директорот кај Работодавачот
   - Оспособените лица кај Работодавачот
   - Секој вработен кај работодавачот кој ќе забележи пожар.

   Напуштањето на организационите единици се објавува со активирање на сирена/звучен сигнал (АЛАРМ) како резултат на појава на пожар, елементарни непогоди (земјотрес, поплава и др.) или друга вонредна ситуација.

   Лажна дојава за пожар се забранува

6. Работодавачот назначува лице кое првенствено е задолжено да ја алармира полицијата, противпожарната бригада и службата за итна медицинска помош.

7. При прогласување на евакуација, вработените и посетителите кои се затекнати во Музејот, се должни:

   - Да исклучат од електрична инсталација секаков апарат кој се наоѓа во близина на неговото работно место;

- Да ја земат со себе документацијата или носачо на електронски податоци кој претходно ја определиле како важна;
- Брзо, внимателно и сигурно да ги напуштат просториите на Музејот;
- Да пружат помош на друго лице на кое ќе се забележи дека му е потребна помош;
- Да ги следи упатствата на вработените лица;
- Упатување до место во просториите н аработодавачот (шематска скица) за добивање на понатамошни упатства за дејствување;
- Доколку се процени дека не е безбедно, директно ќе се упати до сигурно место надвор од објектот.

8. При прогласена евакуација задолжително е да се следат следниве правила:

   1) Прекин на сите работни активности и исклучување на клима уредите;
   2) Исклучување на главниот прекинувач за довод на електрична енергија;
   3) Зачувување на мирот и не стварање на паника;
   4) Прилагодување на брзината на движењето на евакуациските патишта;
   5) Најбрзо можно напуштање на објектот (водење на сметка на ознаките во случај на прогласрна евакуација);
   6) Напуштање на капацитетите според планот за евакуација (план на излезни евакуациони патишта)

9. Одговорно(ите) лице(а) треба да проверат дали сите вработени се присутни на зборното место по евакуацијата. Ако се види дека недостасуваат лица на зборното место, одговорните лица треба да донесат одлука за нивн апотрега. Одговорните лица одредуваат тим кој ќе ја врши потрагата по лицата кои не се присутни на зборното место.

10. Во услови на евакуација потребно е

    - Прекин на телефонски разговори (да се држи линијата слободна)
    - Повикување на противпожарна служба и итна медицинска помош
    - Првично спречување на ширење на пожарот (ако е можно) со помош на апарати за гаснење на пожарот.

11. По евакуацијата се проценува новонастанатата состојба, последиците и причините од неа, како и преземањето на активностисе со цел создавање на услови за повторно користење на просторот за работа.
    Работниците се враќаат на работното место на повик на работодавачот кој јавува дека опасноста поминала.

**Директор**
Ферат Мемети

Согласно член 31 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр.92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 30/16 и “Службен весник на Република Северна Македонија бр.18/20), а по спроведена обука од страна на работодавачот НУ Природонаучен музеј на Република Северна Македонија – Скопје, вработениот ------------------------------, на ден ----------------- година ја даде следната

# И З Ј А В А

Јас, ------------------------------- од -------------------------, распоред/а на работно место---------------------, кај работодавачот НУ Природонаучен музеј на Република Северна Македонија – Скопје, изјавувам дека на ден -------------------- година ја следев обуката од областа на безбедноста и здравје при работа и запознаен/а сум со актите на работодавачот како и сосредствата и мерките за заштита при работа.

Скопје,----------------------20—година

Изјавил

--------------